МОБИЛНОСТ ВИНИЦА
mobilnostvinica.mk

врска: Бр. 05-285
до:
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. „Бел Камен" бр. 3
2310 Виница

Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица МОБИЛНОСТ ВИНИЦА
Бр. 03-01
10-11 2026 год.
Виница

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| Примено: 10 11 2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 05 | 285/11 | | |

Предмет: Достава на Програма за 2027 година по Јавен повик Бр. 05-285 од 05.11.2026 година

Од: Меѓуопштинското здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница, со седиште на ул. „Страшо Пинџур" бр. 3/1-4 во Виница, со ЕМБС: 7963394, со ЕДБ: 4005026507932, со број на трансакциска сметка: 300220000092466 во Комерцијална Банка АД Скопје, Експозитура – Виница.

Почитувани,

Во врска со објавениот Јавен повик Бр. 05-285 од 05.11.2026 година, од Општина Виница, со овој писмен поднесок, а во предвидениот рок, во прилог Ви ја доставуваме Програмата за работа на здружението за календарската 2027 година.

Со почит,

Прилог: Програма за работа за 2027 година.

Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица * Виница * МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница

Виница, 10.11.2026 год.

претседател
Златко Арсовски

МОБИЛНОСТ ВИНИЦА
mobilnostvinica.mk

# П Р О Г Р А М А

**на Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица**

**МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница**

**Вовед**

Меѓуопштинското здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница, е биде членка на Националниот сојуз на ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје.

Во здружението членуваат членови со телесен инвалидитет, од територија на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, и истите се бидат распоредени во 7 дијагнози.

- Детска парализа,
- Дистрофија,
- Ампутација,
- Церебрална парализа,
- Мултипла склероза, и
- Останати дијагнози.

Делувањето на полето на остварување на правата на лицата со телесен инвалидитет од општините е регулирано со Статутот на Меѓуопштинското здружение на лица со телесен инвалидитет МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница, и со позитивните законски прописи, а врз основа на повеќе стратешки документи кои се значајни, односно врз основа на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп во Република Северна Македоинија, ревидирана (2010-2018).

МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница остварува активности во врска со регистрација на нови членови, по пат на потпишување на Пристапници, и издавање на Членски книшки, како и ажурирање на Регистарот на членови во Здружението.

За потребите на успешно делување се преземат активности за обезбедување на финансиски средства за работа, преку проекти и донации, спонзорства, од локалната самоуправа и од други извори.

**Цели и задачи**

МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница своите програмски активности ги насочува кон следните цели и задачи:

- реализација на цели и задачи од поширок заеднички интерес;
- унапредување, промоција и поддржување на заеднички хуманитарни и спортски активности, учество во систем на натпревари, во согласност со Уставот, Законот за здруженија и фондации, и одредбите од Статутот;
- остварување и заштита на хуманитарните права во согласност со Уставот и законот;
- претставување и застапување на лицата со телесен инвалидитет и нивните интереси во комуникација со државните органи на локално ниво;
- предлагање на претставници на лица со телесен инвалидитет во работните тела во државните органи на локално ниво, кои ги разработуваат прашањата во врска со лицата со инвалидитет;
- подигање на спортскиот дух на младината;
- реализирање на утврдената програма за развој на спортот;
- организирање и спроведување на системот на спортски натпревари;
- унапредување на стручната работа;
- учество во поттикнувањето, помагањето и создавањето услови за развојот на спортот;
- активно учество во подигањето на свеста на граѓаните за здрава животна средина, преку промовирање на спортот; и
- вршење на други работи и задачи утврдени со Статутот, и со Законот.

**Опфат на дејствување**

Во голем дел од државите во светот егзистираат длабоки и закоравени негативни стериотипи и предрасуди кон лицата со телесен инвалидитет. Како одговор на долгата историја на дискриминацијата, исклучувањето и дехуманизацијата на лицата со попреченост „Мегународната заедница во декември 2006 година ја донесе Конвенцијата за правата на лицата со инвалидитет, која Собранито на Р. С. Македонија ја ратификува на 15 Декември 2006 година, заедно со Факултативниот протокол.

Конвенцијата за правата на лицата со телесен инвалидитет претставува силна алатка во борбата за остварување на нивните права, и подигање на свеста кај граѓаните.

Користење на можности за обезбедување на потребни помагала и лекарства преку донации.

Покренување на иницијативи и активности за благовремено вклучување на децата со телесен инвалидитет во редовно воспитно образовен процес. Обезбедување пристапност до и во објектите за образование. Соработка на редовните училишта и образовните институции. Помош на социјално загрозените семејства во обезбедување на училишни помагала за овие деца со телесен инвалидитет.

Вработувањата дава големи можности за социјално загрозените категории кај овие лица, за вклучување и сигурност.

Здружението делува во правец на вработување и унапредување на телесни инвалиди преку следни активности:

- Евидентирање на членови кои имаат потреба од вработување и нивно целосно информирање, преку можностите и поволностите што го пружа Законот за вработување на инвалидни лица во заштитни друштва, друг работодавач, и самовработувње;
- Евидентирање на работодавци кои имаат потреба од вработување на инвалидни лица;
- МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница во 2027 година, како и секоја година повторно ќе испрати 20 членови на одмор и опоравување во апартманите во Охрид;
- Патните трошоци во висина на автобуска карта се на товар на МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница, како и исхрана на членовите кои се корисници на социјална помош;
- Средствата ќе бидат обезбедени од МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје; и
- МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница во текот на 2027 година ќе учествува во спортски активности:

1. Републички спортски игри во Струга, со своја екипа во атлетика, пинг-понг, и стрелаштво;
2. Меѓународни турнири за лица во количка во атлетика и седечка кошарка;
3. Набавка на спортска опрема за екипата;
4. Учество на државно првенство во шах;
5. Учество на меѓународни шаховски турнири;
6. Учество на турнир во табла;
7. Заради подеднакво учество на лица со попреченост во културниот живот, МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница ќе преземе активност за пристап на овие лица до места за културни манифестации и настани (изложби, музеи, театри, споменици и сл.);
8. Учество на републички квиз што го организира МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје;
9. Настани на литературни читања;
10. Ликовни колонии и учество на истите;

11. Учество на традиционална тортијада;
12. Учество и организирање на еднодневен излет во природа;
13. Одбележување на 4-ти Декември Меѓународен ден на лицата со хендикеп;
14. Информирањето на членовите ќе се врши преку организирање на разни трибини, работилници, средби, советувања, и списанието МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА;
15. МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница ќе продолжи со соработка со други организации, хуманитарни организации, пред се со МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје, и со локалните самоуправи на општините Виница, Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица; и
16. Поради тоа што МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница е регионално Здружение, и во него членуваат лица со телесен инвалидитет од сите овие општинии, се надеваме на успешна соработка.

**Завршни одредби**

Програмските активности на МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница ќе се финансираат од МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје, со редовна дотација, и од локалните самоуправи на општините, и со спонзорства.

Програмата за работа на МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница останува отворена, и може да се надополнува во текот на календарската година.

Виница, 10.11.2026 год.

МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница

Претседател

ВКУПНО ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ ЗА 2027 година

ПРИХОДИ:

| | |
|---|---|
| Приходи од Општина Виница | 124.000,00 |

РАСХОДИ:

| | |
|---|---|
| - Канцелариски материјал | 10.000,00 |
| - Трошоци за хигиена за канцеларијата | 8.000,00 |
| - Тонери и Фотокопирање | 16.000,00 |
| УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ: | |
| - Пинг- понг, стрелаштво и атлетика | 5.000,00 |
| - Учество во шах | 6.000,00 |
| - Учество на квиз натпревар | 12.500,00 |
| - Учество на литературни и музички смотри | 8.000,00 |
| - Учество на тематски средби | 11.500,00 |
| - Учество на тортијада | 8.000,00 |
| - Одбележување на Денот на инвалидите 4-ти Декември | 15.000,00 |
| - Организирање меѓуопштински средби | 14.000,00 |
| - За интернет и телевизија | 10.000,00 |
| **ВКУПНО:** | **124.000,00 ден.** |

Меѓуопштинско здружение на лица
со телесен
инвалидитет на општините
Виница, Делчево, Берово, Пехчево и
Македонска Каменица
МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница

МОБИЛНОСТ ВИНИЦА Виница
одговорно лице
Златко Арсовски